# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 1 јули 2023*

## „ТАКА ЗБОРУВАШЕ ГОСПОДОВАТА УСТА...“

Исаија 1,20. Она што го зборувал пророкот Исаија го зборувал Господ Бог, Оној Кој Е. Целото писмо е вдахновено од Божјиот Дух, изречено од Божја уста. Писателите на Новиот Завет искрено и чесно седеле пред Стариот Завет и ја примале Божјата реч како таква, без никакви прашања. Ние ѝ припаѓаме на истата школа која ќе биде таква и понатаму, а другите можат да ги прифатат оние методите кои им се допаѓаат. За нас и за нашиот дом таа непроценлива книга ќе остане стандард за нашата вера и ќе биде темел на нашата надеж сè додека семе живи, „затоа што така зборуваше Господовата уста“.

Ние затоа и проповедаме, „затоа што така зборуваше Господовата уста“. Тешко нам ако не го проповедаме евангелието.

Денес доаѓаме со вистината: „Така зборуваше Бог“ и немаме друго оправдување и мотив за проповедање во нашиот живот ако немаме таква порака.

Вистинскиот проповедник, оној кого Бог го поставил, ја проповеда својата порака „со страв и треперење“, „зашто така зборуваше устата Господова“. Тој носи Господов товар и се наведнува под него. Нашата тема не е безвредна, таа ја раздвижува целата наша душа.

Мартин Лутер не се плашел од човечко лице, а сепак признал дека колената му се тресат додека проповедал, бидејќи чувствувал огромна одговорност. Тешко нам ако се осмелиме да ја проповедаме Божјата реч со половина срце, без душа и сила! Тешко нас ако се служиме со Божјата реч како со некој случаен предмет. Кога тоа би биле само наши зборови, би можеле да се трудиме да ја постигнеме вештината на говорништвото; но бидејќи тоа е Божја реч, не можеме да мислиме на себе. Ако ја почитуваме Речта, нема да сакаме да ја подобриме со нашата вештина или со нашиот динамичен говор. Би ни било подобро да кршиме камен на патот, отколку да бидеме проповедници ако не е во нас Божјиот Дух да нè поддржува. Нашата задача е вистинска и чесна, нашиот товар е тежок. Ниедно дело не е толку чесно како објавувањето на евангелието на Исуса Христа. Ние, кои го проповедаме евангелието, се наоѓаме под силен притисок, за кој можеме со сигурност да речеме: „Така зборуваше Господовата уста!’ Повеќе живееме во вечноста отколку во сегашноста. Ви зборуваме како да сме го

виделе големиот бел престол и божественниот Судија на кого ќе му поднесеме сметка за сето она што сме го кажале и како сме го кажале.

Ние не го проповедаме евангелието по ваша дозвола, не бараме ничија согласност, ниту, пак, сакаме аплауз. Ние не само што имаме потреба, туку едноставно мораме да зборуваме, затоа што тоа е Божја реч, а не наша. Ние го проповедаме распнатиот Христос, зборуваме слободно како што мораме да зборуваме, затоа што тоа е Божја реч а не наша. Кога зборува Бог тогаш спротивностите исчезнуваат.

Оние кои го избегнуваат Христовиот авторитет, можат да го отфрлат и нашето сведоштво. Но, ако го зборуваме она што го зборувала Господовата уста, тогаш оние што ќе ја чујат неговата реч, ако ја одбијат, го прават тоа на сопствена штета.

Кога ја кажуваме Божјата реч против злото, ние не го намалуваме тонот туку зборуваме како да грмиме. Кога се соочуваме со лажна наука, не го спуштаме нашето знаме, не се предаваме ниту за час. Една Божја реч е поврeдна и од сите библиотеки на човечката наука. „Пишано е" станува силно оружје кое ги стивнува сите артилериски батерии на човечките мисли. Оние кои зборуваат во Божјо име, треба да зборуваат храбро, во името на Господ Бог.

Ако правилно ја сфатиме вистината на евангелието - односно - „така зборуваше Господовата уста, таа вистина ќе нè поведе да ја кажеме со големо залагање. Нема здодевно да го кажуваме евангелието на дремлива и мала група луѓе.

Многумина од нас не се проповедници, но се учители на младите или на некој друг начин ја објавуваат Божјата реч - правејќи го тоа со многу духовен жар. Елан би требало да се види во секој Божји слуга. Оние кои ве слушаат, нека знаат дека сите сте тука; дека не зборувате само со устата, туку од длабочината на душата, кога од вашето срце извира добрина додека зборувате за она што сте го доживеале во близина на Царот. Вечното евангелие вреди да се проповеда па макар и да стоиме на клада и да им зборуваме на луѓето од разгорената проповедална. Вистината на Писмото е вредна за неа да живееме и да умреме. Сметам дека сум трипати посреќен ако сум осрамотен поради неа. Тоа е чест на која не сум ѝ достоен.

Храбро проповедајте, на секое место, на секое суштество, „зошто така зборуваше Господовата уста". Како можете да не ги објавувате небесните вести? „Така зборуваше Господовата уста" – зар вашето срце не се радува што постојано ја повторува таа вистина? Шепотете

ја на уво на болниот, кажувајте ја на улица, проповедајте ја на луѓето, секаде нека биде ваш мотив и ваша гаранција – проповедајте го евангелието – зашто „така зборуваше Господовата уста“. Никој нека не молчи, кога Господ ја дал Речта преку својот драг Син.

Дувајте ја ветрови неговата приказна
води и океани - пренесете ја,
додека души како моришта никнуваат,
а веста се шири и ја прекрива земјата.

**Мисионска проповед**

*Сабота, 5 август 2023*

## МИСИЈАТА ВО САМАРИЈА

**Вековната омраза меѓу Самарјаните и Евреите**

Историјата на спасението во Библијата значи многу повеќе од настан кој се случил на крстот. Таа се протега низ Стариот завет, а во Новиот завет се продлабочува и се објаснува основната мисија на спасението. Евреите не сфатиле која е нивната улога во планот на спасението. Основниот проблем кај ортодоксните Евреи бил што тие сметале дека, со самото тоа што се избрани, се и спасени, дека спасението е само за нив и дека преку церемонии и други ритуали човекот е спасен без да ја сфати длабочината и пораката на истите.

Од друга страна имаме посебна група луѓе - Самарјани - полу безбожници, кои имале комплекс на отфрлени и помалку вредни од Евреите, и заради што имале нејасна слика за Бога.

За да го решиме овој проблем, најдобро е решението да се бара во Јовановото евангелие, каде што настанот опишан во четвртата глава дава одговор на овој проблем.

За ова истражување ќе користиме историски податоци, како и со останата достапна литература која го расветлува овој проблем.

**Историска заднина**

Мораме да се вратиме во минатото за да видиме како постанал самарјанскиот народ и од каде потекнува непријателството помеѓу овие два народа? Секако дека тогаш ќе ни биде јасно која мисија ја

открил Исус во разговор со жената Самарјанка. Во книгата „Историја на религијата на Истокот и Западот“ Теодор Линг вели: „Дошло до разидување на староеврејската религија, до дихотомија која не секогаш ја забележуваат читателите на Библијата“, (Рингрен, 1966, 220). Можеби би било претерано во историската анализа ако се каже дека постоеле две религии: една, верна на начелото дека славењето на Јехова и признавањето на неговиот закон е единствена вистинска основа на хебрејското единство; втората е обврзаност на верност не е само на Јехова, туку и на царот како негов претставник.

Секако дека постоела напнатост, од која одвреме-навреме произлегувал судир меѓу Божјите пророци и царската куќа. Истакнат пример претставува средбата на Илија со царот Ахав. На почетокот на 9. век пр. н.е., некој офицер Амри дошол на престолот на сега веќе одвоеното северно царство. Неговото владеење траело дванаесет години и се паметело по изградбата на Самарија, нова, добро утврдена престолнина изградена на добро место. Амриевиот син Ахав стопанската и политичката положба на северното царство ја зајакнал со дипломатски брак со Феникијската принцеза Езавеља, ќерка на тирскиот цар. Таа го наметнала култот на тирскиот Вал и совршено автократскиот феникиски стил на владеење. Јазот помеѓу северното и јужното царство се зголемувал од година во година, за да кулминира во 538 година пр. н.е., кога Персиецот Кир го срушил Вавилонското царсто каде што биле прогонети Евреите. Попустливата политика на персискиот владетел овозможила во Ерусалим повторно да се изгради храм. Самарјаните сакале да се приклучат во градбата, но противниците не им дозволиле.

Недалеку од Израелците кои работеле на обновување на Храмот, живееле Самарјаните, тие биле мешавина која настанала со меѓусебна женидба и мажење на безбожниците доселени тука од Асирија и од останатите десет племиња кои останале во Самарија и Галилеја. Евреите и Самарјаните биле лути непријатели и се избегнувале колку што можеле. Случаите на неопходна трговија со Самарјаните, рабините ги сметале за законски дозволени, но ги осудувале сите општествени врски.

Евреите не позајмувале од Самарјаните, ниту пак примале некоја љубезност дури ниту залак леб или чаша вода... Да се побара некоја услуга или на некој друг начин да се обидат да помогнат не им паѓало на ум дури и на Христовите ученици.

**Пократкиот пат**

Сега можеме полесно да ја разбереме оваа исклучителна мисија на Исус Христос. Во претходната глава во Библијата го гледаме Исусовиот разговор со Никодим, кој бил ортодоксен претставник на јудаизмот. Меѓутоа, сега овде ни е прикажан разговор што го водел Исус со претставничка на општествен слој кој ортодоксниот јудаизам го презирал од дното на душата. Ривалството и омразата со која во голема мерка биле опфатени Евреите во времето на Исус како ни малку да не се чувствувале. Самиот пат што го одбрал, не бил неопходен и Исус не морал да помине низ Самарија. Строгите Евреи како фарисеите, толку ги мразеле Самарјаните што го одбегнувале нивното подрачје колку што можеле. Патот по кој патувале од Ерусалим до Галилеја водел во краевите од другата страна на Јордан. Тоа било значително подолго патување, но на тој начин ги одбегнувале средбите со Самарјаните. Во голема потреба морале да го одберат пократкиот пат преку Самарија.

Од разговорот и постапките со оваа жена гледаме дека Исус отишол понатаму во разурнување на бариерите. Кога жената дошла по вода, Исус бил на самиот извор. Ја замолил да му даде да пие. Во врска со таа молба Годет мудро заклучува: „Нему не му е непознато дека некоја душа често може да се придобие ако од неа се побара некаква услуга.“ Ова сепак не треба да го сметаме за трик, пишува Леон Морис, но јас верувам дека добро знаел дека тоа ќе ја тргне првата предрасуда кај оваа жена, всушност, овој пример може многу да ни помогне во врска со тоа. Првото нешто за да се биде добар мисионер е да се отстранат тие први бариери и предрасуди што го продлабочуваат јазот.

**Жива Вода**

Затоа Исус ја споменува „живата вода“. Живата вода, го отстранува валканото и нечистите ги претвора во обредно прифатливи луѓе спремни да дејствуваат во богослужение. „Живата вода“ е симбол на Светиот Дух, истакнува Леон Морис. До овој момент жената не го сфатила овој разговор, но од 15 - 19 стих гледаме дека веќе го насетува разговорот. Исто така е можно дека на оваа жена малку по малку почнало да и текнува дека Исус всушност е Христос. Самарјаните не признавале ниту еден пророк по Мојсеја, освен оној кој се споменува во 5. Мојсеева 18,18 и кого го сметале за Месија. Според тоа, кога таа

почнала за Исус да зборува како за пророк преминала на подрачјето на месијанство и размислување за Месија.

**Вистинско поклонување**

Од 20 - 26 стих Исус зборува за вистинското поклонување на Бога и ѝ се открива кој е тој. Гледаме дека бариерата во потполност е отстранета. Исус сега може поконкретно да ѝ каже кој е Тој и која е Неговата улога, а која ја обврзува оваа жена. Познавањето на културата на еден народ е многу важно за мисионството; ќе правиме помалку грешки во придобивањето на душите.

Со зборовите „но иде време и веќе дошло", се подразбира криза, нешто ново. Несогласувањата помеѓу Евреите и Самарјаните со текот на времето ќе престанат. Луѓето нема да се поклонуваат ниту на еден од тие два начина. Вистинските поклонители се поклонуваат со дух и вистина.

Завршното тврдење дека Отецот бара токму такви поклоници, содржи една важна поединост, дека Тој е Бог на љубовта, Бог кој на човекот му посакува сѐ она што е најдобро за него. Исус почнал да го руши ѕидот кој ги раздвојувал Евреите и безбожниците и проповедал спасение за целиот свет. Иако бил Евреин, слободно се мешал со Самарјаните, занемарувајќи ги фариејските обичаи кај својот народ. Спиел под нивните покриви, јадел на нивните маси, учел на нивните улици и постапувал со нив со голема љубов.

Затоа од 4,27-30. го имеме сведоштвото на жената и поуката за учениците. Јован ни го опишува изненадувањето на учениците и евангелизаторскиот жар на оваа жена. Нејзиното сведоштво било толку делотворно, што луѓето од нејзиното село излегле за да се сретнат со Исуса. Веста што јадонела како и нејзиниот повик, имале одзив. Додека жената била зафатена со повикување на следбеници, на изворот се одигрувала друга сцена. Предлогот на учениците да касне малку од храната што ја донеле, Исус го користи како повод да ги поучи за своите приоритети, кои тие би требале да ги следат. Вистинска храна и прав пијалак за него претставува извршувањето на Божјата волја. Таа итна задача не смее да се одложува.

**Самарјанските верници**

Целиот овој извадок би требало да биде поука за учениците кои подоцна ќе бидат евангелизатори на тие полиња – како треба да се

однесуваат кон Самаријаните. Од друга страна тоа била поука за сите оние кои сакаат со својата праведност или со некоја жртва да му служат на Бога. Величествениот врв се постигнува со самарјанските зборови на верниците дека Исус е „Спасител на светот". Тоа е севкупната порака што ја претставува и ја застапува Исус. Нивната вера во Исуса се искристализирала во изразот „Спасител на светот". Природниот збор „свет", го воздигнува тој израз во бесконечно величенствен назив. Исус не се занимава со некој неважен проблем, ниту, пак, Тој е Спасител на наколкумина безначајни поединци. Тој е Спасител на целиот свет.

Исус овде го решава основниот проблем што го споменавме на почетокот, проблемот кој постоел кај Евреите, па со самото тоа и кај неговите ученици, а и од страна на Самарјаните, односно кај жената Самарјанка. Жената, како претставник на целиот самарјански народ, сфаќа дека Месија е Спасител на целиот свет, а не само на определена група луѓе. Штом го нашла Спасителот Самарјанката го довела народот кај него. Со тоа докажала дека е многу поуспешен мисионер од неговите ученици. Учениците не виделе ништо во Самарија што би им покажало дека тоа е поле кое ветува. Оваа жена затоа го претставува дејствувањето на вистинската вера во Христа. Секој вистински ученик прави сè за Божјото царство како мисионер. Примачот станува дарител. Христовата порака до Црквата би била:

„Согледајте ги потребите на светот!"

*Сабота, 2 септември 2023*

## ВИСТИНСКИ СВЕДОК

**Дела 26,22.23: „Но, откако добив помош од Бога, стојам до ден денес и им сведочам на мали и на големи, зборувајќи само за она што беа го зборувале Пророците и Мојсеј дека треба да се случи: дека Христос мора да пострада и, откако прв ќе воскресне од мртвите, на народот и на незнабошците ќе им проповеда светлина.“**

Ако земете некој библиски конкорданс и го побарате зборот сведок или сведочење, ќе видите дека тој 33 пати се споменува во книгата Делата на апостолите.

Зборот сведочење прв пат се споменува во Дела 1,8 а последен пат во Дела 26,22. Во Дела 1,8 ја наоѓаме силата на сведочењето, а во Дела 26,22 го наоѓаме делувањето на сведокот.

Ранохристијанската црква немала црковни згради, немала литература за саботна школа, ниту пак имала радио или ТВ, ниту пак превозни средства, но сепак таа била силна Црква. Во 28 глава од Делата на апостолите, 33 пати ни се кажува дека тоа била Црква која сведочела. Истражувачите на Библијата откриваат дека за првите 12 месеци црквата крстила преку 30, 000 нови верници.

Во денешните современи цркви имаме многу луѓе кои се работници, но многу малку сведоци. Многу луѓе се христијани но само малку се вистински Исусови сведоци.

Пред неколку години една црква спровела една анкета. На прашањето „Зошто одбравте да дојдете во оваа црква?“, 18% одговориле дека тоа го сториле заради верската определба; 9% изјавиле дека им се допаднала убавата црковна зграда, а 3% рекле дека ги посетил свештеникот. Останатите (повеќе од половина) одговориле дека дошле затоа што некој ги повикал!

Ајде денес да размислуваме за апостолот Павле и да видиме како изгледа вистинскиот сведок.

### I - Вистинскиот сведок е вклучен во сведочење:

**„Но, откако добив помош од Бога, стојам до ден денес и им сведочам на мали и на големи“** (22 стих).

Не можете да бидете сведок доколку не сведочите. Можете цел ден да велите „Јас сум сведок“, но ако не сте вклучени да сведочите, вие не сте вистински сведок.

Некој може да отиде на факултет и да учи за да биде лекар и да научи сѐ што му е на располагање, но лекар ќе стане откако ќе почне во пракса да го спроведува она што го научил.

Во оваа глава Павле сведочи за својот Цар.

*Илустрација:* Една ноќ за време на еден воен поход, Александар Велики не можел да спие па излегол од својот шатор и шетал по логорот. Наишол на еден војник кој спиел на стража, што било голем прекршок. Всушност казната за спиење на стража била неизбежна смрт. Се случувало некој од заповедниците со керозин да го полеат заспаниот војник и да го запалат. Овој војник почнал да се буди кога му пришол Александар Велики. Сфаќајќи кој стои пред него, младиот човек се исплашил за својот живот.

„Дали знаеш која е казната за спиење на стража?“ прашал Александар. „Да, господине.“ одговорил војникот со треперлив глас. „Како се викаш, војнику?“ прашал Александар. „Се викам Александар, господине.“ Александар Велики го повторил своето прашање: „Што рече, како се викаш?“ „Се викам Александар, господине.“ Трет пат, уште погласно, Александар Велики прашал: „КАКО се викаш?“ Третиот пат војникот понизно одговорил: „Се викам Александар, господине.“

Александар Велики го погледнал младиот војник право во очи и рекол: „Војнику, или смени го името или смени го однесувањето.“

Јас не мислам дека треба да го смениме своето име. „Христијанин“ значи „мал Христос“, кое е многу пригодно име за следбениците на Исуса Христа. Но мислам дека е потребно да го смениме нашето однесување, ако сакаме да ПРОПОВЕДАМЕ во ИМЕТО на Христа.

*Илустрација:* Слушнав за еден проповедник кој се засрамил во едно кафуле затоа што другиот проповедник, со кој бил во друштво, ѝ сведочел на келнерката што ги послужувала. Рекол: „Ако јас не ѝ сведочам, тогаш кој?“

**II - Вистинскиот сведок сведочи на секое место**

Некој рекол дека денешните христијани се „црковни христијани“, всушност, додека се во Божјиот дом се однесуваат на еден начин, а надвор од неа се однесуваат сосема поинаку.

Во книгата Делата на апостолите забележете каде сѐ се сведочело надвор од Црквата: во Синагогите, покрај река, во зандани, на пазар, од куќа во куќа, покрај пат и во палати.

Павле никогаш не престанал да зборува за Исуса сè до својата смрт, и сведочел каде и да се наоѓал.

*Илустрација:* Еден проповедник проповедал на едно место во Тенеси и имал многу успешна евангелизација. Секоја вечер на неговиот повик доаѓале многу луѓе кои сакале да се крстат. Забележал дека една жена многу често доаѓа доведувајќи со себе други луѓе. Му кажале дека тоа е сестрата Еви Бур, касиерка во некоја државна банка, и дека постојано доведува пријатели во црквата.

Проповедникот отишол дома и долго ништо не чул за оваа сестра. Тогаш еден ден добил порака дека сестрата умрела и дека нејзина желба била тој да учествува во нејзиниот погреб.

Проповедникот отишол во црквата во која се организирала комеморацијата и седнал во проповедалницата заедно со нивниот свештеник. Имало многу народ, се пееле омилените песни, а потоа проповедникот проповедал и седнал на своето место. Тогаш станал свештеникот на црквата и повикал една група жени да излезат пред проповедилницата. Рекол: „Сестрата Еви Бур ги доведе овие сестри во црквата, една по една.“ Вкупно излегле педесет и две жени. Оваа покојна сестра работела како касиерка во банка, а по работното време одела од врата до врата и им зборувала на луѓето за Христа. Многумина довела во црквата, вклучувајќи ги и овие педесет и две жени.

Бог може да го употреби секого да сведочи за Него. Дозволете му да ве употреби.

*Илустрација:* Еден ден Чарлс Спурџон шетал низ природата во Англија заедно со своите пријатели. Додека така оделе, евангелистот забележал еден амбар со мерач на ветрови поставен на кровот. На ветромерот пишувало: „Бог е љубов.“ Спурџон му рекол на својот пријател дека смета дека тоа е многу непригодно место за таква порака. „Ветромерите се променливи,“ рекол, „А Божјата љубов не се менува.“ „Не се согласувам со тебе, Чарлс,“ му одговорил пријателот. „Не си го разбрал значењето. Тој знак ја зборува вистината: Без оглед на која страна да дува ветерот, Бог е љубов.“

**III - Вистинскиот сведок е истраен во сведочењето**

Во овој стих постои израз кој го раздвижува моето срце: „Еве ме до овој ден.“ Тоа значи, цврсто стојам, никогаш нема да отстапам или да престанам да сведочам за Господа.

Некој можеби ќе помисли дека Павле го придобил за Господа секого кого ќе го сретнел, но тоа не се случило. Не успеал да обрати никого на Аеропаг. Но и покрај тоа што му се потсмевале, тој продолжил и некои сепак се спасиле (Дела 17,32-34).

*Илустрација:* Ми се допаѓа приказната за детето кое рибарело на еден поток кога наишла една група тинејџери со современи стапови и блинкери и шарени мамки.

Плискале по водата, се шегувале и се смееле додека ги фрлале своите јадици но ништо не уловиле. Детето мирно седело на своето место и постојано вадело риба. Конечно еден од тинејџерите го запрашал: „Како ти успева?“ Ние имаме специјални мамки, но ништо не уловивме!“ Детето им одговорило: „Јас ловам риба а вие се забавувате.“

Можеби е потребно малку повеќе да се насочиме на нашите обиди преку евангелието да допреме до луѓето.

**IV - Вистинскиот сведок е опремен со Божји зборови**

Павле вели: „...**зборувајќи само за она што беа го зборувале Пророците и Мојсеј дека треба да се случи**“ (22 стих). Тоа била Библијата во негово време.

Д. Л. Муди вели дека Библијата е вдахновена книга, но таа исто така е и книга која го вдахновува и него. Таа го вдахновува да сведочи за нејзината вистина. Ние имаме разни причини зошто не сведочиме.

*Илустрација:* Виновни сме заради изговорите. Кога тоа го правиме, ние се ставаме во редовите на големите спортски херои. Да гоземеме за пример рагбистот Рафаел Септиен, кому му нема рамен кога се работи за смислување изговор зошто го промашил голот. Еднаш рекол дека не дал гол затоа што тревата била превисока, а теренот имал вештачка трева. Друг пат изјавил дека му пречела таблата на која бил напишан резултатот. Потоа кацигата му била претесна, му ја притискала главата и не можел да размислува. И така натаму.

Но, ние како христијани не треба да наоѓаме изговори кога станува збор за сведочењето, бидејќи ја имаме Божјата Реч и сила ако ја примениме. Тоа не се наши зборови, туку Божји, и тоа е голема разлика.

*Илустрација:* Постои приказна за еден стар Индијанец кој дошол на едно неделно богослужение. На проповедникот му недостасувала духовна сила, па поради тоа многу викал и со дланката удирал по

проповедалницата за да ја прикрие својата неподготвеност за проповедање. По богослужението некој го прашал Индијанецот, кој бил христијанин, што мисли за проповедта. Размислувајќи за момент, тој својот одговор го дал во шест збора: „Силен ветер. Голема грмотевица. Нема дожд.“

Да, кога Светото Писмо ќе се запостави, „нема дожд“. Само ако проповедта е и сведоштво засновано врз Божјата Реч и сосредоточено на Христа, неговиот народ ќе биде благословен и освежен. Ако тоа недостасува, ние само правиме уште поголема врева во толку бучниот свет околу нас.

**V - Вистинскиот сведок го воздига Исуса Христа**

**„Дека Христос мора ...“** - 23 стих.

Павле не зборувал за тоа колку е тој добар или што направил тој, туку колку е Исус добар и што направил Исус за него.

Вистинскиот сведок навистина го сака Господа Исуса и таа љубов е постојана.

*Илустрација:* Еден студент отишол во фотографска работилница со врамена фотографија од својата девојка. Сакал да ја умножи фотографијата. Тоа значело дека фотографијата требало да се извади од рамката. Кога го сторил тоа, фотографот го забележал натписот на задниот дел на фотографијата. „Најмил Томе, те сакам со сето срце. Секој ден сè повеќе и повеќе те сакам. Секогаш ќе те сакам. Јас сум вечно твоја.“ Била потпишана со „Дијана“ а потоа пишувало: „Ако некогаш раскинеме, сакам да ми ја вратиш оваа фотографија.“

Нашата љубов кон Исуса е вечна. Ние треба секој ден да Го воздигнуваме и на тој начин да ги доведуваме луѓето кај Него.

*Илустрација:* Евангелистот Д. Л. Муди раскажал приказна за еден проповедник кој подготвувал проповед за тоа како треба да го прифатиме Христа без колебање. Бидејќи едно време проучувал, проповедникот заспал на столот и сонувал чуден сон во кој слушнал разговор помеѓу неколку демони. Тие се собрале заедно, обидувајќи се да смислат план како луѓето да направат да завршат во пеколот.

Еден од лошите духови рекол: „Ајде да им кажеме на луѓето дека Библијата не е Божја Реч и дека не може да ѝ се верува“. Другите одговориле: „Тоа не е доволно“.

Вториот зол дух проговорил: „Ајде да им кажеме дека Бог не постои, дека Исус бил само добар човек и дека не постои ниту небо ниту ќе има пекол".

Повторно останатите одговориле негативно. Конечно третиот демон рекол: „Ајде да им кажеме на луѓето дека постои Бог, Спасителот, небото и пеколот. Но, ајде да ги увериме дека имаат многу време за да се спасат и да ги охрабриме да ја одложуваат одлуката". „Одлично!" извикале останатите воодушевено.

Многу луѓе ќе го пропуштат спасението затоа што го одложувале, мислејќи дека можат да го примат Христа „утре". Но, утре нема никогаш да дојде. Потребно е итно да сведочиме за Исуса за луѓето СЕГА да се спасат.

**VI - Вистинскиот сведок е засилен со Светиот Дух**

**„Но, откако добив помош од Бога,"** (22 стих).

Која е таа помош? Според Дела 1,8, тоа е силата на Светиот Дух.

*Илустрација:* За време на една новогодишна парада, во која учествувале сите градски фирми, еден убаво украсен камион се расипал и застанал. Всушност, му снемало нафта. Целата парада запрела, сè додека некој не се сетил да донесе канта со нафта. Интересно е тоа што овој камион претставувал една нафтена индустрија. Без разлика на огромните количества нафта кои ова индустрија ги имала, на овој камион му снемало нафта. Често христијаните го запоставуваат своето духовно одржување, и иако се „облечени во сила" (Лука 24,49), често им недостасува гориво.

Човечкото тело е зачудувачка машина. Таа може постојано да ја одржува телесната температура без оглед на надворешната температура. Без разлика дали човекот се наоѓа на Арктикот или на екваторот, неговата телесна температура одприлика е иста. Постои внатрешен механизам кој тоа го регулира. Светиот Дух живее во христијаните за да постигне ваква стабилизација во духовното здравје. Без оглед на тоа дали се соочуваме со благосостојба или со неволји, без оглед на тоа дали сме во искушение или примаме духовна храна, Светиот Дух нè прави да бидеме и да останеме стабилни.

**VII - Вистинскиот сведок им приоѓа на сите**

„Им сведочам на мали и на големи“ (стих 22).

Примерот на Бил Брајт - тој никогаш не зборувал со некого подолго од 5 минути а да не го свртувал разговорот кон Исуса Христа. Стихот 23. вели дека Исус „ќе ја проповеда светлината и на Евреите и на безбожниците“.

Исус пружа спасение на оној кој го спомнува неговото име. Што е со тебе и со мене? Дали ние одбегнуваме да сведочиме за Господа? Ако е така, ајде денес да се промениме и да станеме вистински Исусови сведоци.

**Заклучок:** Павле никогаш не можел да го заборави она што го сторил Исус за него на крстот и така станал негов силен сведок.

*Илустрација:* за време на I Светска војна Принцот од Велс посетил 36 сериозно ранети луѓе во една болница во предградието на Лондон.

Принцот и неговата придружба поминувале преку главното одделение на болницата и се поздравувал со ранетите. Кога трабало да ја напуштат болницата, Принцот изјавил дека видел само 30 луѓе. „Каде се останатите шест?“ Иако го известиле дека останатите шестмина се многу тешко ранети и дека се во друго одделение, важниот посетител инсистирал да ги види.

Посетил уште петмина тешко ранети луѓе. „Но, каде е последниот?“ повторно прашал Принцот. И покрај тоа што му одговориле дека човекот е тешко ранет и дека е страшно да се гледа, Принцот инсистирал да го види.

Принцот за момент стоел молчејки, а потоа се наведнал и го бакнал!

Со треперлив глас, Принцот од Велс рекол: „Тој е ранет за мене“.

Исус бил ранет поради нас, претрпел смрт која требала да биде наша. Затоа пророкот Исаија пишува: „За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз него, преку неговите рани се исцеливме“ (Исаија 53.5).

# ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

## МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ

**Трето тримесечје**
**3/2023**

**Издава:**
*Одделение за саботна школа при*
*Христијанската адвентистичка*
*црква во Република Македонија*

**Подготовка и графичко уредување:**
*Мелита Томовска*

**Коригирал и одговара:**
*Томе Траков*

**Адреса на редакцијата:**
*Ул. Влае 42, 1000 Скопје*

**Тел/факс: +389 2 20 48 038**
**E-mail: tometrajkov@gmail.com**
**www. adventisti.org.mk**

**За интерна употреба**